*Билјана ВАНКОВСКА*

***УДК: 623.454.8:327.54-021.68(100)***
***355.015:327.54-021.68(100)***
Изворен научен труд

# УПРАВУВАЊЕ ИЛИ АБОЛИЦИЈА НА НУКЛЕАРНОТО ОРУЖЈЕ: ПРИСТАПОТ НА МИРОВНИТЕ СТУДИИ

***Кратка содржина***:

*Целта на оваа статија е да го истражи начинот на кој мировните студии третираат две поврзани прашања: нуклеаризмот и милитаризмот. Под нуклеаризам ги подразбираме практичните начини на ширење на нуклеарните закани заедно со безбедносното размислување и структурите на моќта кои го окружуваат ова смртоносно оружје, кое може да доведе до крај на животот на планетата. Милитаризмот пак се состои од длабоко вкоренетото уверување дека воената моќ (вклучувајќи ја и нуклеарната) претставува ултимативно средство за заштита на националната безбедност. Накусо, во контекстуална смисла, денешниот свет се справува не само со резервите на постојното оружје, туку и со начинот на размислување околу неговата употреба, редукција или укинување/аболиција. Општата хипотеза на трудот е дека академските и интелектуалните напори вложени во овие две прашања се (само)лимитирани и се развиваат во клима на самоцензура и организирана хипокризија. Тоа ги прави не само неефикасни, туку дури и наклонети кон зачувување на глобалниот* status quo *како најдобро решение за одржување на мирот во светот. Научниците од природните и од техничките науки се фокусирани на техничките аспекти на менаџирањето со оружјето (избегнување на грешки кои би довеле до катастрофа). Но, од научните работници од општествените и од хуманистичките науки (всушност, од каде што извираат и мировните студии) се очекува да се зафатат со деконструкција на доминантниот начин на размислување (во академската заедница и надвор од неа), како и со промоција на идејата дека друг свет е можен. Или, во спротивно, алтернативата ќе биде нуклеарен холокауст.*

**Клучни зборови:** *нуклеаризам, милитаризам, мировни студии, глобално управување, аболиција на нуклеарното оружје.*

## 1. Вовед: контекстуализација на еден стар проблем

*Déjà dit*! Се чини дека прашањата за уништувачката милитаризација, растечката трка во вооружување и можната нуклеарна катастрофа се земаат како свршен чин и нешто за што веќе сè е кажано уште од 1945 година. Уште полошо, катастрофата е стандардизирана (Considine 2017), а милитаризмот (толку блиску поврзан со нуклеаризмот) е веќе нормализиран (Kuus 2009). Старите проблеми опстојуваат и покрај тоа што постои огромна академска продукција за овие прашања, бројни конференции одржани и голем број иницијативи започнати. Единственото нешто што е сменето од крајот на Првата студена војна (за добро или лошо) е меѓународниот контекст, како и перцепцијата за ургентноста и магнитудата на нуклеарното прашање. Моментално, чувството на ургентност се должи на очигледниот колапс на меѓународниот систем и порастот на мултиполарниот поредок. Во тој контекст, прокси војната во Украина и тензиите околу Тајван се само катализатори на една општа клима на алармизам.

Доминантниот начин на размислување се обидува да помири непомирливи нешта, односно она што е тешко и да се замисли со она што е сосема можно. Денешната битка за нуклеарна непролиферација, редукција на ризикот од нуклеарен судир и забраната на нуклеарните оружја се одвива во контекст на едно меѓународно општество засновано на експлоатација, дискриминација, социјална неправда и политика на големите сили. Дури и најпосветените мировни и антивоени активисти не го доведуваат во прашање светот на TINA (“There Is No Alternative”).[1] Напротив, постоечкиот контекст се зема за зададен и тешко променлив, па дури и за незаменлив. Оттука, и не чуди што најголемите напори се насочени кон решавање на проблемите наместо кон радикална трансформација на контекстот кој почива на воен натпревар, империјализам и колонизација.

Како што е тоа случај и со другите безбедносни закани, така и нуклеарното прашање е предмет на процес на секуритизација која повремено оди во другата крајност на десекуритизација, и *vice versa*. Конкретната инклинација всушност зависи од моменталната ситуација и/или на нечии (најчесто геополитички) интереси. Според претставниците на Копенхашката школа на безбедносни студии, безбедноста е социјален конструкт креиран во даден контекст од страна на разни (секуритизирачки) агенти/актери, кои имаат за цел приритизирање на ургентноста на некое прашање претставувајќи го како егзистенцијална закана за опстанокот на Државата или на човештвото (Buzan, Ole Waever and Jaap De Wilde 1998). Во такви околности, егзистенцијалната закана е оттргната од сферата

[1] Кратенката TINA значи Нема друга алтернатива, а нејзиното потекло се врзува за славната фраза на Маргарет Тачер. Денес таа означува визија на еден свет наметнат од западната (политичка, економска, културна) неолиберална мантра. Секој којшто не се вклопува во неа се смета за непријател на прогресот и на идеалите на просветителството.

на нормалната политика и се ситуира во безбедносната сфера каде актерите имаат овластувања да преземат (или повикаат на преземање) вонредни мерки за да го гарантираат опстанокот на референтниот објект на безбедноста. Во овој контекст, секуритизиацијата е говорен чин, а безбедноста е субјективна работа којашто не нужно зависи од објективното присуство на безбедносната закана. Истото се однесува и на дескуритизацијата, само во обратна насока: една закана која влијае врз опстанокот може намерно да биде игнорирана, потценета и дури и дефинирана како нормален дел на креирањето на јавните политики (т.е. како нешто што би можело да се реши со политички средства наместо со вонредни мерки и овластувања).

Всушност, токму ова се случува со прашањето на нуклеарната опасност од крајот на Втората светска војна до денес. Во некои моменти тоа ќе беше дефинирано како егзистенцијална закана и ќе предизвикаше јавна вознемиреност и протести, за да наскоро биде заборавено или потиснато од друго егзистенцијално прашање. Интересно, организациите на цивилното општество, заедно со протестните движења и иницијативи беа најчестите агенти на секуритизацијата. Оттука, нивото на нуклеарна (не)безбедност е тешко да се квантифицира (и покрај т.н. Часовник на судниот ден). Чувството на непосредна опасност или вредност да биде забележано во јавноста вообичаено зависи од медиумскиот интерес и од ангажманот на цивилното општество, односно од притисокот одоздола. Генерално кажано, човештвото живее под Дамокловиот (нуклеарен) меч веќе осум децении, така што најчесто изгледа дека е веќе и навикнато на него. Мировниот активизам сè почесто добива облик на „мировен бизнис". Со други зборови, многу луѓе и организации живеат од доход создаден низ активизам, иако тој едвај и да има некакви реални ефекти врз состојбите и водењето на меѓународните и на државните работи. Овие актери обично разговараат и се слушаат меѓу себе, додека структурите на моќта остануваат глуви и незаинтересирани за она што се случува во доменот на цивилното општество.

Мировните истражувачи и антивоените активисти повремено откриваат трошки на надеж поради „растечката свест за неприфатливоста на нуклеарното оружје заедно со зголеменото разбирање за потребата за акција во врска со социјалните и еколошките опасности со кои се соочува нашата планета и нејзините жители". (Barash 2018, p. viii). Усвојувањето на Договорот за забрана на нуклеарното оружје во 2017 година беше врвниот славенички момент и се сметаше за основа од која ќе се очекува помирна иднина. Четири години подоцна, во јуни 2022 година, членовите на Договорот за забрана на нуклеарното оружје (Treaty on the Prohibition of Nuclear Weapons, TPNW) конечно се сретнаа за првпат со цел да договорат конкретен патоказ кон свет без нуклеарно оружје. Десеттата конференција за преглед на Договорот за неширење на нуклеарно оружје (Treaty on the Non-Proliferation of Nuclear Weapons, TPN) се одржа во

август 2022 година - и заврши без видливи резултати или напредок. На отворањето на сесијата, генералниот секретар на ОН Гутереш предупреди дека човештвото е на „само едно недоразбирање, на една погрешна пресметка поблиску до нуклеарно уништување“. Неколку дена подоцна, тој испрати раматичен апел од Меморијалниот музеј во Хирошима, каде рече: „Ужасите на Хирошима мораме да ги имаме предвид во секој миг, признавајќи дека постои само едно решение за нуклеарната закана – а тоа е да немаме воопшто нуклеарно оружје“ (*UN News* 2022). Но, дури и ваквите вознемирувачки повици не беа нешто сосема ново. Во 2017 година, медиумите известија дека „Часовникот на судниот ден покажува дека денес сме поблиску до апокалипсата отколку што бевме во 50-тите години“, укажувајќи на настаните во Северна Кореја и во Иран (Cornwell 2017). Речиси во исто време, постоеја извештаи за епизоди на нуклеарни акциденти кои можеле да ја зголемат веројатноста од глобална нуклеарна катастрофа, т.е. од Трета светска војна по грешка (Schlosser 2016). Она што можеше да биде *annus mirabilis* всушност се претвори во *annus horribilis*. Кон крајот на 2022 година, укажувањата дека Третата светска војна наближува (или дури и дека е започната) стасуваа од сите делови на светот, додека нуклеарните оптимисти и натаму веруваат дека сѐ уште има време тоа да се избегне или да се организираат нови конференции за постигнување договор за редукција на нуклеарните ризици или за политика на неупотреба на оружјето како прва страна во судирот (no first use policy).

Текот на настаните во врска со Украинската војна и со кризата околу Тајван го зголемија глобалното внимание за нуклеарната закана. Меѓутоа, западната јавност и експертската заедница и натаму не успеваат да ги откријат длабоките корени за избивањето на двете големи жаришта. Вниманието е главно свртено кон дневните воени случувања, жртвите и деструкцијата, како и на изјавите на официјалните личности. Структурните проблеми од кои извираат проблемите се сосема запоставени. Така, на пример, руската инвазија претставуваше само катализатор на веќе длабоко вкоренетите конфликти во украинското општество, додека Тајван е со децении пион на американската политика во Азиско-пацифичкиот Регион. Моменталната воена ескалација следува по долги години на игнорирање на длабоките причини и геополитичкиот конфликтен потенцијал (како, на пример, експанзијата на НАТО кон источната граница на Русија). Најлошо од сѐ, сето тоа беше не само видливо туку и предвидливо и со реални можности да се избегне воен судир (*Global Village* 2022).[2] Истото

---

[2] Би можело да се каже дека ниту една војна не е неизбежна, но до неа доаѓа сигурно тогаш кога знаците за рано предупредување биваат игнорирани и отфрлани во извесен период, или кога некоја од страните во судир настојува да предизвика таква реакција од другата за да се впушти во воен конфликт или во војна на исцрпување. Низ годините, а особено по т.н. Евромајдан (обоената револуција) од 2014 година, внатрешниот конфликт ескалираше и одзеде преку 14.000 цивилни жртви во источните делови на Украина.

сценарио може да се примени и на тајванското прашање, кое е сосема можно да стане уште една епизода на перманентната воинствена политика на САД. Вистинските длабоки проблеми лесно се замаглуваат кога еднаш ќе започне прокси војната.

Почетната премиса на овој труд е дека сегашниот *ad hoc*, волунтаристички и фрагментарен пристап кон управувањето со оружјето (вклучувајќи го и нуклеарното) е на раб на пропаст заедно со падот на меѓународниот политички и правен поредок. Човештвото се навикна да „спие со непријателот“, надевајќи се дека елитите ќе го почитуваат т.н. нуклеарно табу. Хју Густерсон (Gusterson 2004) со право тврди дека сме се помириле со фактот дека живееме заедно со бомбите. Тргнувајќи од ваквиот начин на размислување, оние кои носат политички одлуки, експертите и членовите на академската заедница изградија илузија на „менаџмент со оружјето“, па дури и идеја за постоење на „нуклеарен поредок“ во „меѓународен поредок заснован на правила“. Навистина, постои мноштво на регулативи, институции, актери, па и вокабулар кои создаваат лажна претстава за „нуклеарна безбедност“ во еден свет кој очигледно наближува кон својот апокалиптичен крај – освен ако итно не се преземе нешто радикално. Дебатата меѓу научниците, активистите и носителите на одлуки е фокусирана на две опции: менаџмент со оружјето или забрана на оружјето, со тоа што првата е очигледно онаа што доминира и која се смета за пореалистична. Аболицијата на оружјето, што *de facto* значи и аболиција на војната/милитаризмот, се третира на декларативно ниво како опција за иднината („еднаш кога времето ќе биде зрело за тоа, но не сега“).

Парадоксално, но заговарањето на целосна забрана на нуклеарното оружје се чини како најнесоодветна позиција во најдраматичниот момент на човековата историја. Контекстот е сосема неподготвен за такви идеи, па секој кој ќе предложи аболиција на оружјето, прекин на огнот или воена неутралност се смета за „мировен лудак“. А историјата покажува дека всушност најтрауматичните историски настани биле тие кои создавале услови за победа на идеи кои до тој момент се сметале за радикални. Самиот факт што светот се подготвува за можен нуклеарен армагедон зборува и за сето загубено време и за ненаучени лекции од крајот на Втората светска војна, особено од Хирошима и од Нагасаки.[3] Од друга страна, непосредната можност од нуклеарна катастрофа го наметнува императивот за ургентни мерки за превенција. Секој сомнеж би требало да биде отргнат со повторување на старата парола од протестите во 1968

[3] Феноменот на т.н. „подготвувачи“ (preppers) во САД добива на значење, додека некои локални власти (како на пример градските власти на Њујорк) наводно помагаат во подигањето на граѓанската подготвеност со пуштање видеопораки за граѓаните за мерки што треба да се преземат во случај на нуклеарен напад. Дури и мировните групи, вклучувајќи ја и ICAN, излегоа со силни критики на ова аматерско и неодговорно однесување. Види: Wilkins 2022.

година: да бидеме реалистични, да го бараме невозможното![4] Всушност, постојат гласови на брилијантни луѓе кои со години предупредуваат дека „ако ефективно не го оспориме нуклеарното самозадоволство, ние сме на пат кој води кон самоубиство" (Falk 2016).

Теориската рамка на ова истражување е определена од сознанијата (или пропустите) на мировните студии, односно на академското поле кое никогаш не било толку значајно но истовремено и толку запоставено. Анализата, исто така, се потпира на премисите на критичката теорија. Диктумот на Роберт Кокс сѐ уште звучи толку точно: „теоријата е секогаш за некого и за некаква цел"; „не постои нешто како чиста теорија по себе, која би била одделена од позицијата определена од времето и од местото" (Cox 1981, p. 128). Денешната доминантна епистемологија е најдобар доказ за оваа теза: таа главно им служи на елитите на власт, било да се тие државни или корпоративни. Освен тоа, хегемонијата на западната епистемологија е продукција на знаење ја нагласува маргиналноста на т.н. „гранични мислители" (border-thinkers) од светската периферија (Mignolo 2000). Шампа Бисвас е еден од гласовите кои доаѓаат од Глобалниот југ кои прашуваат: „кој е тоа ‚ние' — таа митска меѓународна заедница која зборува за мир и добросостојба за сите која се должи на владеењето на ваквиот нуклеарен поредок? Кои прашања за нуклеарниот поредок и неред се исклучуваат секогаш кога ние ќе се повикаме на тоа ‚ние'?" (Biswas 2014, p. 3). Следствено, распространетиот корпус на глобалниот нуклеарен поредок треба да се сецира и анализира низ различни призми. Бисвас го прави тоа брилијантно, нудејќи длабоки и провокативни сознанија за хиерархиското структурирање и колонијалното управување на современите глобални поредоци, вклучувајќи го и нуклеарниот. Слично, и Густерсон укажува на феноменот на т.н. „нуклеарен ориентализам" — односно, на идејата дека на „другиот" во нуклеарна смисла не може да му се верува и да му се довери поседување нуклеарно оружје. Оваа идеја е заснована на расните стереотипи за Азија и за Блискиот Исток. Преку ваквата реторика, носителите на одлуки на Западот тврдат дека „нашето" оружје не е проблем, додека „нивното" оружје или обидите да се развие такво претставуваат сериозна закана за глобалната безбедност. (Gusterson 2019; ICAN 2021; Scarry 2020).

Денешниот контекст е определен од внатрешните империјалистички и меѓуимперијалистички контрадикции, кои се особено видливи на линиите на глобалните расцепи (Fouskas and Gokay 2019, p. 2). Земјите од периферијата ја имаат несреќата да живеат токму на тие расцепи и страдаат од колатералните ефекти на судирите, но главно немаат можност да им се чуе гласот во глобалните дебати, без оглед дали се тие политички, академски или дури и активистички.

---

[4] Потеклото на изреката е од протестното студентско движење во Париз од 1968 година, од каде потоа се шири насекаде.

**Мировните студии во апокалитична ера: тивко бледнеење**

Има нешто парадоксално во врска со раѓањето и развојот на мировните истражувања: тие се тесно поврзани со трауматичните настани и историски вододелници, но најчесто *ex post facto*. Прегледот на настанувањето на мировните истражувања недвосмислено укажува дека тие настануваат како одговор на еден збир на формативни и историски настани, како што се двете светски војни, Хирошима и Нагасаки, Студената војна, етничките судири во постстуденовоениот период и настаните поврзани со 9.11. (Wallensteen 2011).[5] Примарната цел на оваа дисциплина отсекогаш била поврзана со откривањето и елиминацијата на длабоките корени на насилството/војните/конфликтите. Во таа смисла, најважно е да се откријат различните појавни облици на ова насилство и да се понудат патишта за еманципаторна (национална и меѓународна) политика, кои би овозможиле воспоставување на меѓународно општество засновано на премисите на позитивниот мир.

Мировните студии во себе комбинираат неколку одлики кои (погрешно) можат да се оценат како контрадикторни или дури и неостварливи. Прво, тие се потпираат на теориска строгост и методолошка софистицираност, но не го кријат својот вредносен/нормативен поттик. Второ, тие смело ги комбинираат рационалната анализа со утопиското размислување во духот на онаа славна теза на Карл Маркс дека целта на секое (филозофско) размислување не треба да биде сведена на објаснување/разбирање на светот, туку на негова промена. Трето, мировните студии отсекогаш подразбирале и различни форми на активизам. Во тој контекст, антинуклеарното движење и протестите (како и иницијативите за аболиција на војната и на војската со приговор на совеста во однос на воената обврска) отсекогаш биле значаен дел на овој активизам, барем во времето на Студената војна. Вистинското истражување на мирот е и мора да биде радикално, по дефиниција: тоа ги доведува под знак на прашање и ги предизвикува основите на моќта, хегемонијата и империјалните структури, односно она што Јохан Галтунг го нарече структурално насилство. Во ист дух, и Ричард Фолк и Семјуел Ким го создадоа терминот „воен систем" (или, војната како општествен систем), кој подразбира „сеопфатна структура на заемно поврзани организациски и бихевирионални варијабли, во кои насилството или силата се прифатени и легитимирани како највисок арбитер на општествените конфликти на сите нивоа на човечкото општество. Гледано низ оваа системска перспектива, не е лесно да се издвои „војната" од нејзините економски, социјални, психолошки, културни и нормативни интеракции кои ја обликуваат човековата борба

---

5 Имајќи вид дека Валенстајн ја запира својата анализа со настаните од 9.11., за дополнителна анализа на катастрофалните последици од интервенционизмот кој следува веднаш потоа треба да се консултира брилијантната книга на Сузан Вудворд (Woodward, 2017).

низ вековите." (Falk and Kim 2019, 15-16). Да се биде радикален значи да се бара интервенирање во длабоките корени на проблемите наместо да се трага по решенија за последиците во општеството кое е засновано на нееднаквост, дискриминација и насилство. Оттука, не зачудува што мировните истражувања често се квалификуваа како „црвена харинга под креветот" (т.е. со користење на ироничната алузија на опсесијата кај некои луѓе дека комунистите се насекаде и заговараат насилна револуција), односно како нешто што им припаѓа на опасните левичари за време на статус квото на Студената војна. Денешниот мекартизам кон секој којшто е против „праведната војна" во Украина (или на друго место во светот, како што покажа случајот на Џулијан Асанж) е веројатно поопасен за слободата на мислата и акцијата од оној оригиналниот.

Во текот на изминатите стотина години, мировните студии имаа променлива агенда, којашто беше детерминирана делумно од императивите на конкретната епоха или од своето доброволно повлекување настрана од најгорливите прашања и приближување до доминантната *de facto* мејнстрим академија (Buhaug, Levy and Urdal, 2014). Сепак, тие се во постојана еволуција; некои делови на истражувачката агенда исчезнуваат и биваат заменети со други (ibid). За жал, на крајот се чини како тие да го изгубија својот главен фокус и острина на мислата и акцијата. Кен Бут (Booth 2007, p. 65) понекогаш укажуваше на нивниот мултидисциплинарен пристап како на еден од проблемите, но исто така и на фактот дека тие се „премногу политички" (во очите на опонентите). Проблемот со денешното истражување на мирот е што тоа станува премногу аполитично и неангажирано по најгорливите прашања на моментот. Така, (наводниот) крај на Студената војна прогласи мировна дивиденда и триумф на либерализмот на глобално ниво. Падот на Берлинскиот ѕид фрли негативно светло врз сите левичарски идеи како морално и политички дискредитирани. Наместо задржувањето на Грамшиевиот пристап кон културната хегемонија и радикалната промена на неправедното и милитаризирано глобално општество, мировните истражувачи беа турнати на маргините да се справуваат со т.н. *non-CNN conflicts* (односно, со конфликтите кои не предизвикуваа големо внимание кај мејнстрим корпоративните западни медиуми).

На патувањето на мировните студии од негативниот кон позитивниот мир, нуклеарното прашање и разоружувањето постепено исчезнаа од радарот на институционализираното истражување на мирот.[6] Наместо тоа, фокусот се пренесе на внатрешните конфликти, и особено на

[6] Според некои истражувачи (Terriff and his colleagues 2000), од петте фази на развојот, сметаат дека мировните истражувања кои се занимаваат со нуклеарната опасност и разоружувањето, се фокусираат само на две: во раната фаза на Студената војна (втората фаза) и повторно во 80-тите години на 20 век (четвртата фаза) кога се свртуваат кон грижите поврзани со суперсилите и разбудениот страв од нуклеарна војна.

етничките судири, неуспешните и пропаднатите држави, конфликтниот менаџмент, реконцилијацијата, превенцијата на конфликтите, чувањето на мирот, мировните операции и сл. Така се создаде привид дека главниот проблем на светот се неодржливите и трауматизирани општества на светската периферија, кои требаше да се средат некако. Со други зборови, фокусот се оттргна од глобалниот центар, неговата милитаризација, империјалните структури, нееднаквостите индуцирани од капитализмот, неоколонијализмот итн. И конечно, *inter alia* се изгуби од вид и меѓународното окружување и архитектурата која всушност не само што ги поттикнуваат глобалните проблеми, туку и спречуваат секаква промена на постојната нуклеарна безбедносна архитектура. Некои истражувачки напори се фокусирани на развојот, принудните миграции, климатските промени, недостигот на ресурси, сиромаштијата и нееднаквоста. Овие прашања се далеку од неважни, но поентата е дека опсегот на мировните истражувања се распрсна толку широко што го изгуби својот компас и својата централна причина за постоење.

„Салама тактиката" на мировните истражувања доведе до свртување кон „решавањето на проблемите" во вид на индивидуални предизвици наместо држење на фокусот врз потрагата за системско решение за светската безбедност и за свет кој нема да продуцира такви „мали/локални проблеми" (Jerneck, Kronsell and Steen, 2018).[7] Исто така, академскиот капитализам не ги поштеди ни мировните студии, така што и тука движечка сила стана објавувањето трудови кај светски издавачи, задржување на местото во рамки на „сериозната академска заедница" итн.[8] Разбирањето на знаењето и интересите на Кокс сега е применливо и на мировните студии: знаењето е социјално и историски конструирано, а создавачите на знаењето се нужно врзани за своите контексти, идентитети и интереси.

---

[7] Некои истражувачи на мирот со право укажуваат на разликите помеѓу „решавањето на проблемите" и „критичката теорија": „Пристапот насочен кон решавање на проблемите се обидува да најде солуции кои не го вознемируваат доминантниот социоекономски поредок, додека критичката теорија настојува, доколку е нужно, да го доведе во прашање поредокот, најчесто гледано низ нормативна/вредносна призма… (Mahmoud, Y., A. Jerneck, A. Kronsell, and K. Steen 2018).

[8] На пример, некои ценети мировни институти (т.е. оние кои опстанаа и не се трансформираа во центри за стратегиски студии) продолжија да соработуваат со големите светски издавачи, што резултира со скапи книги кои не се широко достапни за оние кои имаат финансиски проблем да ја следат најновата научна литература. Еден од поновите примери, кој се појави токму среде најголемата нуклеарна криза, е следниот: Ramesh Thakur (ed.), 2022).

**Наместо заклучок: разбиените илузии на ненуклеарниот мир во еден милитаризиран свет**

Во моментов, мировните истражувања се во неред, соочени со можна пропаст дури и како призната академска област. Речиси нема истражувачи кои работат и веруваат дека позитивен мир е можност. Активизмот исчезна, а малкумина научници се во исто време и јавни интелектуалци и водачи/учесници на мировните движења. Дури и некои од најупорните намерно ја напуштија академијата и го посветија својот живот на мировна работа и активизам во различни форми (уметност, новинарство, социјални медиуми, правејќи независни истражувања и објавување главно онлајн и бесплатно - со една единствена цел, да се стигне до што повеќе луѓе).[9] Академијата стана неолиберална, ориентирана кон профит, елитистичка и егоцентрична. Објавувањето е само обичен бизнис како и секој друг, а ширењето знаење и подигањето на јавната свест се одвиваат на неинституционализиран начин.

Едно брзо истражување направено во контекст на оваа анализа покажа дека фразите „нуклеарно оружје/безбедност/разоружување/аболиција" и слично едвај и да се појавуваат во најновата научна литература во ова поле. Мировните институти (со исклучок на SIPRI и PRIO) се проголтани од ентитети со различна (мејнстрим) агенда. Добар пример за ова е феноменот на поранешниот COPRI (Copenhagen Peace Research Institute) кој беше споен со Данскиот институт за меѓународни студии[10], а нешто слично се случи и со мировните студии на ЕПУ во Австрија.[11] Оваа тенденција е видлива во многу делови на светот, вклучувајќи ја и Македонија и другите слични центри на Балканот, кои сега се целосно свртени кон проекти поврзани со интеграцијата во НАТО и ЕУ, демократскиот мир и сл. Јохан Галтунг, познатиот „татко на мировните студии", или барем еден од пионерите на ова академско поле, пред крајот на животот доживеа тешка судбина: беше „отпишан/канселиран" од своите колеги мировни истражувачи како резултат на клеветничка кампања (за наводен антисемитизам). Всушност, денес најголемиот број славни и храбри

[9] Еден од најинспиративните мировни истражувачи денес е Јан Оберг, директорот на Транснационалната фондација за истражување на иднината и мирот (Transnational Foundation for Future and Peace Research). Интернет-страницата на Фондацијата неслучајно го носи поднасловот „Мир со мирни средства" – односно се повикува на суштината на Повелбата на ОН. Види повеќе на: https://transnational.live/.

[10] Види: https://www.diis.dk/en/about-diis/the-institute/about-diis.

[11] Хронологијата може да се проследи на следниот линк: https://www.aspr.ac.at/en/education-training/aspr-campaigns/40-years/history-in-figures#/. Авторката беше долгогодишен предавач на ЕПУ до неговото затворање.

критичари и активисти се ставени на црна листа како застапници на Путин (*Unherd* 2022).[12]

Покрај горespоменатите предизвици кои ги доведоа (радикалните) мировни истражувања на нивната (академска) смртна постела, индикативно е дека на терен практично не постои антивоено движење, сега кога тоа е најпотребно. Таканаречената „виетнамска дилема“ е поголема од кога било порано. Мировното движење и активизмот страдаат од внатрешни морални и политички поделби. Така, на пример, еден дел бара мирно/дипломатско решение за војната во Украина, со што ќе се смири непосредната закана од нуклеарна војна, додека други бараат победа на послабата страна во асиметричниот конфликт по секоја цена, што се споредува со правото на виетнамскиот народ да ја брани својата земја. Така, нуклеарниот облак виси над нас, но лево ориентираните и прогресивни сили или не сакаат или не се способни да заземат јасна позиција.

Зборовите на Алберт Ајнштајн се болно точни: „Ослободената моќ на атомот промени сè освен нашиот начин на размислување, па така се движиме кон неспоредлива катастрофа“. Тој веруваше дека решението за овој проблем лежи во срцето на човештвото. Денешниот проблем е што традиционалниот начин на безбедносно размислување доведе до унапредување на воената технологија и вештините за поефикасно убивање луѓе (било да е тоа директно или индиректно), додека академијата фактички се приспособи на структурите на моќ наместо да биде глас на несогласување. Финансиски и социјално зависни од корпоративниот капитал (т.е. заедница на донатори), значителен број научни проекти работат на прашања за зачувување на „нуклеарниот поредок“, контролата на вооружувањето, па дури и на т.н. „нуклеарен суверенитет“. Мировната филозофија и несогласувањето се избркани не само како нереални и утопистички, туку и како опасни и неодговорни. Не е ни чудо што во орвеловскиот свет како нашиот, војната е мир, а мирот е војна. Се чини дека многу радикални/критички мислители и центри се плашат да бидат обвинети за angélisme (т.е. прекумерен идеализам). Поприфатливо е да се биде ѓаволски интелигентен и аналитичен, наместо хуман, морален и емотивен пред катастрофата.

Од друга страна, еден мировен истражувач коректно укажува на соучесништвото на добронамерните научници од областа на меѓународните односи и/или за мирот: „Како се случи нашето истражување да биде толку лесно кооптирано? Вториот начин е нашето доброволно вметнување во тој контекст. Како јазикот што го користиме, со кој ја изразуваме нашата потрага по поинаков систем на владеење во глобалните работи, или создавање на односи едни со други… како можеше толку лесно да

[12] Во врска со одлуката на украинската влада види повеќе на: *Unherd*, 2022. Сепак, феноменот е многу посериозен и зема различни форми во различни земји, а и по различни поводи. Последниот е геноцидот во Газа, кој е забранета тема во многу демократски земји кои сега се соочуваат со масовни студентски протести.

се смени и претопи? Можеби нашето истражување не е толку нејасно за да се кооптира, можеби е поврзано и со тоа како ние се позиционираме, научниците во неолибералната академија, како треба да се движиме низ овој систем и што мораме да направиме за нашето истражување да стане видливо. Она што ме загрижува е дека критичкото истражување, истражувањето кое треба да ја наруши моќта, може да биде и соучесник во неолибералниот проект преку неолиберализацијата на академијата" (Confortini 2021).

Денес, оригиналните премиси на мировните истражувања звучат порадикални од кога било, бидејќи тие укажуваат на неопходноста да не се „поправа проблемот" со нуклеарното оружје, туку да се елиминираат основните корени на насилството во трите елементарни форми: директно/физичко, структурно (вградено во национални и меѓународни структури) и културно (глорификација на воениот хероизам, воената историја и триумфализмот заедно со акцентот на „имиџот на непријателот", а сето тоа ги легитимира првите две форми на насилство). Доктрината на шокот (Klein 2008) и адикцијата од војна (војна заради војна) (Wiberg 2010) работат на смирување на населението, негово обезмоќување и прифаќање на незамисливото. Реториката и политиките стануваат средства за војување (се вепонизираат) и се евидентни буквално насекаде: од злоупотребата на финансиите до користењето на храната, водата и енергијата како оружје. Наместо ангажман поврзан со клучните проблеми на општеството и надградбата (во смисла на Грамши), идентитетските војни се промовираат како начини за одвраќање на вниманието од класните елементи на неправдата и на милитаризмот (Zizek 2022).[13]

Според Карл Маркс (1852), „луѓето навистина ја создаваат својата историја, но тоа не го прават онака како што би сакале; тие се принудени тоа да го прават под околности кои не ги избрале самите, туку под веќе постоечки околности, зададени и пренесени од минатото. Традицијата на сите мртви генерации тежи како кошмар врз мозокот на живите". Во светот на TINA, тоа значи дека мировното истражување или која било друга мировно ориентирана иницијатива треба да започне со деконструкција на наративите кои се однесуваат на постоечките структури и околности. Клучната пречка е организираното инсистирање дека има само една алтернатива (што само по себе е нелогична претпоставка). Присилните и

[13] Славој Жижек смета дека културните војни ја заменија класната борба како мотор на политиката, но би требало да се додаде дека политиката на културата/идентитетот и битките се *de facto* фрагмент на политичкото и го оттргнуваат фокусот од можниот крај на човештвото. Највознемирувачкиот заклучок на Жижек (2022) е дека „Европа е под атак, таа треба да се мобилизира, но не само воено туку и социјално и економски. Треба да ја искористиме кризата за да го смениме начинот на живот, прифаќајќи вредности кои ќе нè поштедат од еколошка катастрофа во децениите кои доаѓаат. Ова може да биде нашата единствена шанса." Меѓутоа, тој не нуди никаква идеја за тоа како воената мобилизација би нè поштедила од социјална и еколошка, а уште помалку од нуклеарна катастрофа.

милитантните структури се направени од огромен број моќни елементи кои ја формираат матрицата која се нарекува MIMAC (Military-Industrial-Media-Academia Complex): воено-индустриски-медиумски-академски комплекс.[14]

Во врска со заканата од нуклеарна војна, јавноста е наведена да верува дека статус квото и политиката на нојот се рецепти за мир. Вистината е дека едвај можеме да кажеме со сета искреност дека живееме во (вистински, иако негативен) мир - застрашувачкиот приказ што го дава еден мировен новинар е дека ова е кревок псевдомир што го одржува заканата од Армагедон (Koehler 2021). Нуклеарните пацифисти, кои категорично го отфрлаат нуклеарното оружје врз етичка основа, или веруваат дека опасностите што доаѓаат заедно со ова оружје ги надминуваат нивните потенцијални стабилизирачки ефекти, развија идеја за ненуклеарен мир. Целта е спречување на нуклеарна војна: „Затоа, ние го дефинираме ненуклеарниот мир како концепт на мир кој ја оспорува логиката на нуклеарното одвраќање и кој предвидува мировен поредок усогласен со потребите на постнуклеарниот свет". (Sauer, Kustermans and Segaert, 2020, p. 2). Сепак, мирот е многу повеќе од укинување на нуклеарното оружје, иако тоа претставува егзистенцијална закана и ургентна работа. Ненуклеарниот мир може да овозможи смртоносни и катастрофални последици, дури и кога не се користи нуклеарно оружје. Ненуклеарниот мир е само форма на негативен мир, кој може да донесе одредена релаксација од еден извор на уништување, но да ги игнорира другите (како еколошките катастрофи и масовното гладување, на пример).

Во пресрет на последната криза, она што остана од мировните истражувања се соочува со три значајни дилеми (кои потекнуваат од моментот на нивното раѓање): нуклеарна опасност/градење доверба, дипломатија и разоружување/„Виетнамски синдром". Почнувајќи во обратен редослед, таканаречениот виетнамски синдром не важи за сегашната ситуација. Тековната глобализација на НАТО отвора воени фронтови со две нуклеарни сили – Русија и Кина. Нуклеарната опасност е непосредна како никогаш досега, додека целосното отфрлање на дипломатијата, па дури и елементарната комуникација меѓу спротивставените страни ги прави работите полоши отколку за време на Кубанската криза. Враќањето на неговите корени и порадикалните пристапи е неопходност за секој кој е ангажиран во мировно истражување/акција.

---

14 Авторот на кратенката MIMAC е мировниот истражувач Јан Оберг. Меѓутоа, неретко и индистријата на забава исто така се вклучува во овој матрикс на моќ и доминација. За тоа повеќе кај: Der Derian, 2009.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


- Barash David P. (2018), *Approaches to Peace. A Reader in Peace Studies*, 4th edition, NY and Oxford: Oxford University Press.
- Biswas Shampa (2014), *Nuclear Desire. Power and the Postcolonial Nuclear Order*, Minneapolis: University of Minnesota Press.
- Booth Ken (2007), *Theory of World Security,* Cambridge and NY: Cambridge University Press.
- Buhaug Halvard, Jack S. Levy and Henrik Urdal (2014), "50 years of peace research: An introduction to the Journal of Peace Research anniversary special issue", *Journal of Peace Research*, 51(2).
- Buzan Barry, Ole Waever and Jaap De Wilde (1998), *Security: A New Framework for Analysis*. London: Lynne Rienner, Boulder.
- Confortini Catia Cecilia (2021), commentary on the book by Alexandra Budabin and Lisa Ann Richey (University of Minnesota Press, 2021), достапно на https://thedisorderofthings.com/2022/08/08/batman-white-saviourism-and-international-politics-a-colloquium/.
- Considine Laura (2017), "The 'standardization of catastrophe': Nuclear disarmament, the Humanitarian Initiative and the politics of the unthinkable", *European Journal of International Relations*, 23(3).
- Cornwell Rupert (2017), "Nuclear war is no longer the stuff of dystopian novellas – it's a very real and immediate threat", The Independent, 28 January, достапно на: https://www.independent.co.uk/voices/donaldtrumpnuclearwardoomsdayclockrussiaputingorgeorwellapocalypserealimmediate-threat-a7550761.html.
- Cox Robert (1981), "Social forces, States and World orders: Beyond International Relations Theory", *Millennium*, 10(2).
- Der Derian James (2009), "Virtuous War Mapping the Military-Industrial-Media-Entertainment-Network", London and NY: Routledge.
- Falk A. Richard and Samuel S. Kim (eds.), (2019), *The War System: An Interdisciplinary Approach*, London and New York: Routledge.
- Falk Richard and Asli Bali (2022), "Ukraine and the Risk of Geopolitical Conflict — Richard Falk on the return of the nuclear question", *Global Governance Forum*, 8 June, достапно на https://globalgovernanceforum.org/ukraine-risk-geopolitical-conflict-richard-falk-return-nuclear-question/.
- Falk A. Richard (2016), "Overcoming Geopolitical Obstacles to Nuclear Zero", *Nuclear Age Peace Foundation*, 24 October, достапно на https://www.

wagingpeace.org/overcoming-geopolitical-obstacles-nuclear-zero-richard-falk/.

- Fouskas Vassilis and Bülent Gökay (2019), *The Disintegration of Euro-Atlanticism and New Authoritarianism. Global Power-Shift*, London: Palgrave MacMillan.
- *Global Village (2022)*, "Ukraine invasion was inevitable: Notable strategists", 2 March, достапно на https://www.globalvillagespace.com/ukraine-invasion-was-inevitable-notable-strategists/.
- Gusterson Hugh (2019), "Nuclear Orientalism", in: Roberto J. Gonzales, Hugh Gusterson and Gustaaf Houtman (eds), *Militarizm. A Reader*, Durham and London: Duke University Press.
- Gusterson Hugh (2004), "People of the Bomb. Portraits of America's Nuclear Complex", Minnesota University Press.
- ICAN (2021), "Racism, Colonialism, and Nuclear Weapons", *Briefing Paper*, достапно на https://www.icanw.org/racism_and_nuclear_weapons.
- Jerneck Y. A. Mahmoud, A. Kronsell, and K. Steen (2018), "At the nexus of problem-solving and critical research", *Ecology and Society*, 23(4).
- Klein Naomi (2008), *The Shock Doctrine: The Rise of Disaster Capitalism*, London, Penguin.
- Koehler C. Robert (2021), "Nukes Are Illegal, Now What?", *Common Wonders*, 27 January, достапно на http://commonwonders.com/nukes-are-illegal-now-what/.
- Kuus Merje (2009), "Cosmopolitan militarism? Spaces of NATO expansion", *Environment and Planning*, A vol. 41.
- Marx Karl (1852), *The Eighteenth Brumaire of Louis Bonaparte*, available at https://revolution.chnm.org/d/580.
- Mignolo Walter (2000), *Local Histories /Global Designs: Coloniality, Subaltern Knowledges, and Border Thinking*, Princeton: Princeton University Press.
- Ramesh Thakur (ed.) (2022), *The Nuclear Ban Treaty: A Transformational Reframing of the Global Nuclear Order*, London and NY: Routledge.
- Sauer Tom, Jorg Kustermans and Barbara Segaert (eds.) (2020), *Non-Nuclear Peace. Beyond the Nuclear Ban Treaty*, Palgrave Macmillan Cham.
- Scarry Elaine (2020), "The Racist Foundation of Nuclear Architecture", *Boston Review*, 5 August, достапно на https://bostonreview.net/articles/elaine-scarry-tk/.

- Schlosser Eric (2016), "World War Three, by Mistake", 23 December, достапно на https://www.newyorker.com/news/news-desk/world-war-three-by-mistake.
- Terriff Terry, Stuart Croft, Lucy James, and Patrick M. Morgan (2000), *Security Studies Today*, Cambridge: Polity.
- *Unherad* (2022), "Ukraine Government issues blacklist of 'Russian propagandists'", 25 July, достапно на https://unherd.com/thepost/ukraine-government-issues-blacklist-of-russian-propagandists/.
- *UN News (2022)*, "Secretary-General's remarks at the anniversary of the atomic bombing of Hiroshima", 6 August, достапно на https://www.un.org/sg/en/content/sg/statement/2022-08-06/secretary-generals-remarks-the-anniversary-of-the-atomic-bombing-of-hiroshima.
- Wallensteen Peter (2011), "The Origins of Contemporary Peace Research". In: Kristine Höglund and Magnus Öberg (eds), *Understanding Peace Research Methods and Challenges*, London and NY: Routledge.
- Wiberg Hakan (2010), "Afghanistan War in a Comparative Perspective", *Security Dialogues,* 1(1).
- Wilkins Bret (2022), "'You Don't Got This': Peace Group Blasts NYC's New Nuclear Survival PSA", 16 July, достапно на https://www.pressenza.com/2022/07/you-dont-got-this-peace-group-blasts-nycs-new-nuclear-survival-psa/.
- Susan L. Woodward (2017), *The Ideology of Failed States. Why Intervention Fails*, Cambridge: Cambridge University Press.
- Zizek Slavoj (2022), "What the "Woke" Left and the Alt-Right Share", *Project Syndicate*, 3 August, достапно на https://www.project-syndicate.org/commentary/woke-alt-right-fake-civil-war-between-capitalist-interests-by-slavoj-zizek-2022-08?utm_source=Project+Syndicate+Newsletter&utm_campaign=d89833b093-sunday_newsletter_08_07_2022&utm_medium=email&utm_term=0_73bad5b7d8-d89833b093-93749541&mc_cid=d89833b093&mc_eid=ca8b1d1533.